# ИНФОРМАТОР

www.vitaminka.com.mk
Бр. 16 ноември 2018



# СОДРЖИНА




Стр. 4

**Рестартирањето на фабриката и повторното производство на маслото Брилијант има позитивни импликации врз животот на граѓаните, градот, пазарот и врз самата Витаминка**
Интервју со Коста Ташков, директор на фабрика 3 во Штип



Стр. 6

**Стоби флипс, Витанез и Брилијант прогласени за Superbrands за 2017/2018 година**
Актуелно кај нас



Стр. 10

**Лидерството се учи од мал, но се надградува постојано, Лидер може секој да биде, но лидерството е пред се знаење а не водење**
Актуелно



Стр. 16

**Лидер во земјата и лидер во регионот - Косовски компании стекнаа знаење и искуство од Витаминка**
Издвојуваме

Стр. 22

**Брилијант еден од „актерите" во серијата Преспав**
Спонзорства и донации

Стр. 27

**Витаминка кечап создаден од највкусниот домат**
Азбучник на Витаминка

Почитувани,

Новиот број на **Витаминка Информатор** носи нови, свежи информации и го отсликува нашето секојдневие од работата од еден поинаков аспект.

И овој пат ќе имаме можност подетално да се запознаеме со професијата на еден од нашите колеги, да ѕирнеме во нечии други обврски и задолженија, и на тој начин да се увериме дека да, Витаминка е еден организам кој започнува да дише и пулсира со преминување на прагот на фабриката и со секој наш чекор наутро.

Во овој број посебен акцент ставаме на Фабриката 3 во Штип за производство на маслото Брилијант, затоа што со неа се отворени нови перспективи за компанијата и затоа што статусот и улогата на компанијата ги издигнува на едно повисоко ниво. Така, брендот Брилијант во овој број на **Витаминка Информаторот** го ставивме и во информативен и во забавен контекст, се со цел да откриеме повеќе аспекти на една приказна што тукушто започна за нас.

Исто така, ќе се запознаеме со нашите напори и аспирации преку саемското претставување да го зајакнеме присуството на странските пазари, да воспоставиме нови контакти, како и со достигнувањата на членовите од нашиот тим и од менаџментот, кои исто така го надградуваат целосниот имиџ на компанијата. Преку содржините во овој број на **Витаминка Информаторот** уште еднаш ќе се увериме во силата и моќта што ја има нашата компанија на пазарот и зошто сме репер и пример.

Ќе дознаеме што претставува Витаминка за нашиот автомобилски шампион Игор Иџе Стефановски и како дојде до соработката, а што за оние што сакаат да учат и чијашто потрага по нови знаење никогаш не сопира.

Ќе се увериме зошто малите работи за некого значат многу, ќе се импресионираме од нечии таленти и ќе видиме подадената рака како се цени. Повторно ќе ги доживееме успесите на спортистите и ќе се гордееме со нашето учество и помагање на нивниот успех

Овој број на **Витаминка Информаторот** ја носи забавната страна на работата, забавата и музиката, концертите од кои бевме дел и со што ќе се поврзува името Витаминка.

## Интервју со Коста Ташков, директор на фабрика 3 во Штип

# Рестартирањето на фабриката и повторното производство на маслото Брилијант има позитивни импликации врз животот на граѓаните, градот, пазарот и врз самата Витаминка



*Фабриката повторно работи и Брилијант повторно се произведува, овој пат во сопственост на најголемиот производител на прехранбени производи Витаминка. Што значи да се биде дел од ова големо семејство?*

Фабриката Брилијант е основана во 1991 година и позади себе има доста успешен производен живот. Иако релативно нова, сепак во 2008 година беше целосно реконструирана и тоа со најсовремена опрема од германско потекло. И покрај сето тоа, следеше период од две години кога се појавија многу неповолни околности што резултираа со прекинување на процесот на рафинирање што влијаеше на квалитетот на готовиот производ. Уште полошо, сите вработени останаа без основниот извор на егзистенција а затворањето на фабриката се почувствува и во градот, во локалната економија и воопшто во економскиот и социјалниот живот. Токму затоа, информацијата дека фабриката Брилијант ќе биде купена од најголемиот производител на прехранбени производи во Македонија, Витаминка од Прилеп, беше дочекана со позитивни реакции. Првенствено затоа што тоа значеше дека повторно ќе проработи фабриката, односно надеж и оптимизам за сите, а уште повеќе затоа што станува збор за Витаминка една од најстарите компании во Македонија и производител на висококвалитетни производи. Тоа претставуваше гаранција и сигурност дека Брилијант ќе стане дел од едно огромно семејство на производи, дел од една долгогодишна традиција на квалитет, постојаност и континуиран раст и развој. Воедно, купувањето на фабриката и брендот Брилијант значи дека ни претстои перспектива и период на растење и развивање, под закрила на корпоративниот бренд Витаминка, зголемена продажба и пласман. Уште многу други придобивки ни претстојат и ние сме на самиот почеток од тој период.

*Што ново донесе рестартирањето на фабриката?*

Со купувањето неминовно повторно се отворија нови можности за фабриката да продолжи да го произведува едно од најквалитетните масла на Балканот и пошироко, Брилијант, со тој ист препознатлив вкус којшто по сета оценка на купувачите е незаменлив дел од секое семејство. Една од најважните работи со рестартирањето на фабриката под Витаминка е што сега имаме еден високопрофесионален менаџмент, управување и менаџирање на сите процеси, од оперативните, производните, до продажните, дистрибутивните и комуникациските.

А кога веќе зборуваме за комуникација, сега имаме нов начин на комуникација што досега го немавме и што има свој значителен инпут во продажбата. Рестартирањето на производството на Брилијант уште донесе поставување на ова масло за јадење како производ број 1, врвен македонски производ присутен во секој дом и секоја кујна.

***Што значи повторното отворање на производниот погон за градот Штип и локалното население, а што за Витаминка?***

Како што претходниот период кога фабриката не работеше, се чувствуваше во целокупната атмосфера на градот, така сега се гледа другата, позитивната страна од работењето на фабриката од повторното производство на маслото Брилијант. Рестартирањето на фабриката значи многу пред се за градот и државата. Враќањето на вработените повторно на работа и обезбедувањето егзистенција за стотина семејства во Штип, сигурни примања за мирен и спокоен живот е само првата од низата позитивни импликации. Фабриката работи веќе 8 месеци, а уште после првиот месец се виде влијанието врз локалната економија. Сепак, Брилијант е најзначајниот производен капацитет во Штип и околината и неговата рентабилност се рефлектира во целокупниот социјален или економски живот на градот. Станува збор за автентичен македонски производ, создаден од високо квалитетни суровини и во македонска фабрика. Квалитет којшто несомнено ќе се поврзува и со другите производи од Светот на вкусови на Витаминка, се разбира со неговата употреба и искористувањето на Брилијант како основна суровинска состојка. А што се однесува до самата Витаминка, најголемата придобивка од повторното рестартирање на рафинеријата во Штип е тоа што сега во секој момент ќе биде сигурна дека го има висококвалитетното рафинирано масло кое што го користи како суровина за своите производи и е со еднаков врвен квалитет.

***Каков е одговорот и реакциите на потрошувачите на поставување на Брилијант на продажните полици? Дали ја стекнавте нивната доверба?***

За овој многу краток период на работење во рамките на Витаминка, реакцијата и одговорот на потрошувачите може да се каже дека е одлична. И уште, таа доверба забележително расте од месец во месец. Тоа значи дека сме ја зголемиле довербата, сме го надградиле квалитетот и сме успеале Брилијант да го направиме прв избор на потрошувачите. Тоа значи дека Брилијант е водечко масло за јадење според сите карактеристики и самите потрошувачи го кажаа тоа со тоа што е дел од секоја кујна и состојка во секое јадење. Несомнено дека квалитетот на производот и тоа што доаѓа од компанијата каде што посебно се внимава на врвниот квалитет, каде постои повеќедецениско знаење како треба да се менаџира и создаде врвен бренд и производ, дадоа очекуван резултат.

***Како се одвива производството, дали ги постигнавте капацитетите?***

Ние се наметнуваме со квалитет и карактеристики на маслото што другите масла за јадење, посебно увозните не ги имаат или се помалку застапени. Поточно, Брилијантот не прска и не е разводнето, што многу често е случај на пазарот денес. Но сепак, со оглед на големото присуство на брендови, потрошувачите постепено се враќаат на она што добро го знаат и што несомнено им асоцира на квалитет, македонски производ и Витаминка. Токму и затоа, на сметка на големото присуство на странски производи на пазарот, не го имаме искористено капацитетот до максимум, за разлика од пред години кога конкуренцијата беше малкубројна а потрошувачи многу повеќе. Но, сегашната искористеност на капацитетот од 70% повторно ќе кажам, само за период од неколку месеци е исклучително позитивен тренд и ветувачки резултат.

Ние се наметнуваме со квалитет и карактеристики на маслото што другите масла за јадење, посебно увозните не ги имаат или се помалку застапени. Поточно, Брилијантот не прска и не е разводнето, што многу често е случај на пазарот денес. Но сепак, со оглед на големото присуство на брендови, потрошувачите постепено се враќаат на она што добро го знаат и што несомнено им асоцира на квалитет, македонски производ и Витаминка. Токму и затоа, на сметка на големото присуство на странски производи на пазарот, не го имаме искористено капацитетот до максимум, за разлика од пред години кога конкуренцијата беше малкубројна а потрошувачи многу повеќе. Но, сегашната искористеност на капацитетот од 70% повторно ќе кажам, само за период од неколку месеци е исклучително позитивен тренд и ветувачки резултат.

# Стоби флипс, Брилијант, Vitanez прогласени за Superbrands за 2017/2018 година

Superbrands, меѓународната организација во Македонија оваа година признанието го додели на трите брендови на Витаминка, Стоби флипс, Витанез и Брилијант. Да се биде препознатлив бренд е голема привилегија, но да се биде прогласен за најдобар бренд привилегијата е уште поголема. Нашата компанија ги потврди и оваа година напорите на менаџментот, дека квалитетот на производите по достапна цена се причина плус да котираме високо на пазарот, да бидеме препознатливи и верни на купувачите.

На шестиот по ред избор на македонски супербрендови, Витаминка е присутна со трите, но тоа не е првпат ова значајно признание да биде доделено за некои од нашите брендови. Стоби флипс беше прогласен за супербренд во 2009 година, заедно со Витаминка, а Витанез и Цевитана станаа супербрендови за 2011/2012 година. Сега прогласените три бренда со години важат за едни од најдобрите и најбараните на пазарот што го докажува долгогодишното постоење и повеќекратното наградување за истите.

Вредностите за кои Стоби Флипс е прогласен за супербренд по вторпат, е тоа што има силен идентитет и е препознатлив и надвор од домашниот пазар. Уште, Стоби флипс е единствениот бренд во Македонија што подеднакво е познат на три генерации потрошувачи и сите уживаат во неговиот уникатен вкус. Цели 4 децении е вкусна крцкава ужинка, неодоливо ,,заразна" за сите. Истиот вкус е задржан, а квалитетот се подобрувал со текот на годините. Стоби флипс растеше и со други вкусови, како со и последниот Стоби флипс Магнус, новиот полн, интензивен, со 30 % кикирики повеќе вкус. Стоби флипс останува омилен и вкус кој што се бара и по прво пробување е незаборавен. И да не заборавиме дека Стоби флипс е единствениот македонски бренд што е лансиран во вселената. Сето тоа придонесува, Стоби флипс да биде супербренд.

Витанез, пак е првиот македонски мајонез и денес е еден од најдобрите, најпрефинетите и најприфатени мајонези во Македонија, истовремено и широко распространет во светот. Витанез денес се произведува и во најразлични амбалажи, од најмалите пакувања од 10 грама, до оние од 3000 грама, кои можат да одговорат на најразличните потреби на потрошувачите. Тоа што е македонски производ и што е создаден од домашни суровини, чиј квалитет секогаш предничи пред увозните, го прави Витанез единствен меѓу мноштвото такви производи и со тоа супербренд.

Сончогледовото масло Брилијант, едно од најквалитетните масла за јадење отсекогаш важело за производ со врвен квалитет што ја заслужува целосната доверба на потрошувачите. Тоа е поттикнато пред се од традицијата на одгледување на сончоглед, но и дополнето со напреден технолошки процес. Покрај целото сонце од македонското небо што е прецедено во маслото Брилијант, уште со модерната технологија на преработка, повеќекратно рафинирање се гаранција за квалитет, а потрошувачите го препознаваат квалитетот. Така, Брилијант и покрај неколку годишното отсуство од полиците, штом се појави како производ и бренд на Витаминка, веднаш го привлече вниманието на потрошувачите и стана задолжителен продукт во секоја кујна. Тоа го можат само вистинските големи брендови.

Повеќегодишните вложувања во производството и технологијата и љубовта вложена во создавање на високо квалитетни производи се само доказ за успешниот минат труд на Витаминка, како на домашниот, така и на странскиот пазар, но секако и поттик за поголем раст и развој на нашата компанија во иднина. Приказната продолжува понатаму. Остануваме на врвот. Ние и понатаму ќе произведуваме висококвалитетни производи и ќе создаваме силни брендови, а на потрошувачите им благодариме за нивната доверба.

# Низ најновиот дел од Витаминка, фабриката 3 во Штип за производство на Брилијант

Со приближување до влезот на фабриката, сликата оддава дека тука е сместена една современа фабрика опремена со технолошки напредна опрема, со бројни капацитети и целосен производствен комплекс.
Фабриката 3 на Витаминка во Штип каде се произведува маслото за јадење Брилијант е релативно нов комплекс, кој започнал со производство во 1991 година. Заради одредени настани подолг период не произведуваше и фабриката беше затворена се до февруари годинава кога премина во сопственост на најголемата македонска компанија за прехранбени производи. Дневниот капацитет на фабриката изнесува 150 тони преработено масло за јадење, а квалитетот на рафинираното масло се докажува со бројните добиени сертификати и награди. Секако, тука приоритетни се сертификатите БСИ од Лондон добиени уште во 2001 година за ИСО 9001 и HACCP, а истиот е надграден со сертификатите за систем за управување со квалитет (ЉМС) ИСО 9001:2008, со систем за управување со безбедност на храна (ФСМС) ИСО 22000 :2005, со систем за управување со безбедност на додатоци во сточна храна ГМП+Б2 (2010) и со систем за управување со еколошките влијанијата врз животната средина (ЕМС) ИСО 14001:2004.
Вработените во фабрика 3 раскажуваат дека Брилијант е добитник и на награди, како Златен пехар за квалитет на производот Рафинирано сончогледово масло за јадење на Агробизнис форумот одржан од страна на Европската Унија во Брисел, во април 2004 година. Ова е најголемо меѓународно признание за квалитет за маслото Брилијант до сега, бидејќи шампионскиот пехар е освоен во конкуренција од реномирани производители од над 35 земји ширум Европа и светот. Високиот квалитет, претходно но и сега придонесе за најголемата процентуална застапеност на нашето рафинирано масло на македонскиот пазар, како и постојано зголемување на извозот во земјите од регионот.
Фабриката се состои од 8 оддели, односно единици со вкупна површина од недвижен имот, објекти од 4.956 метри квадратни и земјиште со право на сопственост од 21.592 метри квадратни низ кои се одвива производството на маслото. Секој од осумте погони е опремен со современа опрема.




Следејќи го технолошкиот, производствен процес како материјалот се движи низ комплексот доаѓаме до станицата за преточување на сурово и рафинирано масло од железничките вагони. Оваа станица е составена од две целини, вагон преточувалиште (вкупно три) со можност на преточување на три железнички вагони истовремено. Преточувачките места се изведени со целокупната потребна апаратура за непречена манипулација со вагоните. Втората целина е авто преточувалиште за сурово и рафинирано масло со можност на преточување на две авто цистерни истовремено. Преточувачките места се изведени со целокупната потребна апаратура за непречена манипулација со авто цистерните. Двете преточувалишта, вагон и авто се поврзани со фабриката со цевовод изработен од ПЕТ материјал, и се изведени со целокупната потребна апаратура за непречена манипулација.
Потоа следат складишните капацитети за сурово, рафинирано масло и нус производи, односно складиштето составено од шест челични резервоари со

фиксен кров со складиштен простор од 6000 квадратни метри. Резервоарите за рафинирано масло се комплетно изолирани со изолација со дебелина од 10 см. Сите резервоари се опремени со нивокази, ревизиони отвори, сервисни скалила. Во склоп на ова складиште се наоѓа и пумпната станица за транспорт на суровото или рафинираното масло кон производните погони на фабрика 3. Оваа пумпна станица е составена од блок пумпи со капацитет од 60 м3/х, опремени со целокупната неопходна мерна опрема и апаратура.
Главниот капацитет, производниот погон е составен од две целини, рафинеријата изградена во 2008 година со капацитет 150 тони на ден и каде целиот процес се одвива во четири етапи, неутрализација, винтеризација, белење и дезодоризација.
Целиот процес е автоматизиран и усогласен да се одвива континуирано. Управувањето на процесот, како и неговото следење е преку ПЛЦ компјутер поврзан со 4 монитори на кои се претставени сите етапи од процесот. На тој начин е овозможена прецизна контрола на процесот од сите клучни аспекти како што се проток, температури, нивоа, притисоци.
Со новиот континуиран и автоматизиран процес овозможено е максимално контролирање како и манипулирање во однос на дозирањето и протокот кај сите процеси, а со тоа и најоптимално искористување на суровините и добивање на висококвалитетен производ.
Погонот за полнење и пакување зафаќа површина од 600 м2 и претставува целина од неколку машини за дување, полнење, затворање, за вбризгување азот, етикетирање, за термо пакување и пелетизирање со капацитет од 10 палети на час.
Целокупната линија има номинален капацитет од 8.800 шишиња од 1 литар на час. Работниот капацитет е 80% од номиналниот капацитет.
Како четврт капацитет од фабриката Брилијант е магацинот за готови производи кој опфаќа површина од





600 м2 и е опремен со рампа со вкупна должина од 18 м како и со три пункта за манипулација.
Дел од него е магацинот за репро материјали кој зафаќа површина од 200 м2 и е опремен со рампа со должина од 6 метра како и со еден пункт за манипулација - дотур и испорака на репро-материјалите. А тука, во близина односно скоро поврзано е складиштето за репро-материјали кое е опремено со три резервоара, за мазут (100 м3), за нафта (50 м3) и за сулфурна киселина (13 м3).
Овие резервоари согласно нивната намена, се изработени во склад со важечките ЈУС (МКД) стандарди за ваков вид материи, комплетно опремени со целокупната потребна мерна и сигурносна апаратура и се термички изолирани со изолација од 10 цм.
За непречено одвивање на целокупниот технолошки процес во функција се и следниве пропратни објекти, котлара, со вкупна површина од 80 м2 и опремена со целокупната неопходна мерна апаратура, како и соодветни блок пумпи.
А тука се и погонот за припрема на мека вода, со површина од 40 м2 и погонот за перење и сушење на филтер марамите, како и 2 машински сали со површина од по 30 м2 составени од компресори за висок притисок, компресори за инструментален воздух, разладна машина, ладилна кула.
На крајот, но не помалку важно е станицата за пречистување на отпадните води, соодветно на законските регулативи и прописи. Ова одделение зафаќа вкупна површина од 250 м2 и е опремено да може да врши хемиски и биолошки третман на отпадните води. Пречистителната станица е од

контејнерски тип што значително го намалува испарувањето и ширењето на непријатните мириси карактеристични за ваков вид постројки. Вкупниот капацитет изнесува 30 м3/час а поврзувањето со производниот процес е извршено со ППР цевовод.
Квалитетот на суровините потребни за производство, но и на готовиот производ маслото Брилијант се контролираат во лабораторијата на фабриката. Во фабриката работат и филтерно одделение, погонот за масни киселини и погонот мала линија за полнење на 3, 4.75, 5 и 10 литри масло со капацитет од 24 тони на смена. Исто така, фабриката располага и со 3 трафостаници што ја прават независна во поглед на непречено снабдување со енергија.
Фабриката 3 за масло за јадење Брилијант во Штип станува суштински дел од Витаминка и заради самиот продажен производ, којшто за многу кратко време се стекна со голема популарност меѓу потрошувачите, но исто така и заради суровинската основа со која ја снабдува Витаминка за останатите нејзини производи. Токму затоа, овој капацитет со цел да може соодветно да одговори на високо поставените стандарди за квалитет, е опремен со современа, модерна и технолошки напредна опрема во секоја фаза од производството. А истото тоа, што самиот производ го манифестира, но не го кажува е евидентно од прошетката низ капацитетите.








# Симон Наумоски - почесен претседател на Стопанската комора на Прилеп



Знаењето, искуството и професионалноста се највреднуваните карактеристики и одлики што се бараат кај еден човек, лидер и бизнисмен. Токму врз основа на ова Претседателот на Одборот на директори на Витаминка Симон Наумоски доби исклучителна чест и уважување на своите достигнувања во деловниот свет.
Тој е назначен за почесен претседател на УО на регионална канцеларија на Стопанската комора во Прилеп. Како долгогодишен стопанственик, сопственик и менаџер Наумоски беше и долгогодишен поранешен претседател на прилепската Стопанска комора. Во улогата на претседател Наумоски низ годините даде голем придонес во креирањето на економските текови во Прилеп, нивно унапредување, развивање и создаде основа за успешна меѓусебна соработка.
Одлуката за Наумоски беше донесена на последната седница на ова тело, при што прилепските стопанственици изборот го поздравија со овации и му подарија уметничка слика, заблагодарувајќи му се за досегашната соработка и неговиот особен придонес во работата на регионалната канцеларија на Стопанската комора во Прилеп.

## ЛИДЕРСТВОТО СЕ УЧИ ОД МАЛ, НО СЕ НАДГРАДУВА ПОСТОЈАНО; ЛИДЕР МОЖЕ СЕКОЈ ДА БИДЕ, НО ЛИДЕРСТВОТО Е ПРЕД СЕ ЗНАЕЊЕ А НЕ ВОДЕЊЕ



Една од ретките иницијативи во државата коишто даваат резултати и коишто се препознаени и признание и во светот е Школата за млади лидери што се организира под покровителство на Претседателот на државата Ѓорѓе Иванов. Програмата е наменета за млади луѓе со завршено високо образование кои имаат желба преку нивните лидерски вештини да придонесат за позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат.

Ангела Стојкоска е дипломиран инженер технолог на Технолошко - Металуршкиот факултет во Скопје, со просек 8,89 на насоката Прехранбена технологија и биотехнологија. Во овој момент се наоѓа на работно место Шеф на одделение за развој на производи и амбалажа во Прехранбената индустрија Витаминка. Но исто така Ангела беше и еден од учесниците на Школата за што вели дека е исклучително корисно искуство за секој млад човек.
„Можам да говорам само од лично свое искуство а тоа е многу позитивно. Школата за млади лидери навистина нуди можности, но колку кандидатот односно учесникот ќе понесе знаење и ќе се надгради себеси – сепак зависи од личната посветеност. Мојата детерминираност беше јасна, а Школата во целост ги исполни дури и ги надмина моите очекувања. Секоја година се избираат теми и секогаш тие се поврзани со актуелни состојби и ситуации, но на глобално ниво коишто исто така се рефлектираат и кај нас. Школата следи трендови но и гео-економски тенденции и движења, што ја прави уште поактуелна. Сето тоа, сите овие карактеристики собрани на едно место и даваат на школата печат на уникатна можност за секој млад човек со стремеж и потенцијал за себеизградување на повисоко ниво. Јас сум посебно импресионирана што сето она што го научив на школата е надградување на знаењето што веќе го имав стекнато, а сето тоа ќе можам да го применам на мојата работна позиција во Витаминка, што е навистина корисно и за мене претставува посебна сатисфакција“, објаснува Стојкоска.
Програмата на школата опфаќа предавања и практични вежби за лидерство со еминентни предавачи од земјата и странство. Почнувајќи од самата идеја за школата и концептот, станува збор за стриктно дефинирана едукација насочена кон надградување, поттикнување и стимулирање на лидерските, менаџерските или претприемачки вештини и знаења. Токму затоа дел од оваа школа се реномирани предавачи чиј пример, учесниците би го следеле. Најчесто станува збор за личности кои се истакнале не само со знаење, туку и со достигнувања. „Од такви личности не се учат само формули и дефиниции, туку се учи како да се изнајде решение, да се поттикне промена или како да се прилагоди на промена. Начинот на којшто се изведуваат предавањата ги поттикнуваат креативноста и инвентивноста во изнаоѓање соодветно решение“, потенцира Ангела.



Во тој контекст Стојкоста за својата прва средба со Претседателот на државата Ѓорге Иванов, вели, „најдобро е кога се учи од реални примери, а Претседателот на државата Ѓорге Иванов е токму еден таков пример. Неговата лична заложба за школата е навистина за поздрав и е редок, ако не и единствен пример за државник толку многу да се посвети на една ваква благородна цел и да поведе неколку генерации млади луѓе да направат голем и значаен чекор во глобалното лидерство.“
Скромно но искрено, врз основа на своето скорешно искуство, Ангела веќе постави пред себе цели кон кои се стреми, како дел од тимот на Витаминка. А за своите врсници, помладите и постарите има и неколку совети и пораки, „ сите треба да ја разбудат амбицијата во себе и да ги следат своите соништа, да не престануваат со едукација затоа што едукацијата е нешто што не облагородува. Секое знаење е скапоцено и едукацијата никогаш не престанува зошто како што се менува светот секогаш се појавува нешто ново што треба да се научи. Лидер може секој да биде, но лидерството е пред се знаење а не водење“.
Школата за млади лидери првпат беше организирана во 2010 година и во изминатите пет години на неа учествуваа околу 200 млади луѓе со различен академски и професионален фокус. Учесниците на досегашните школи се организирани во Алумни асоцијација – ИСЛАА, регистрирана како посебно здружение, каде преку организација на семинари, панел дискусии, предавања, средби со амбасадори, учество во младински настани, продолжува развојот на знаењата и вештините на досегашните учесници на школата.


Стоби Флипс 40 години

# Витаминка повторно присутна на три големи светски саеми за храна

Оваа година нашата компанија повторно може да се пофали со успешно учество на три саеми за храна, Worldfood во Москва, СИАЛ во Париз и Интерфуд & Дринк во Софија. Производите на Витаминка, кои се познати на овие пазари, го привлекоа вниманието на големите странски компании. По остварените контакти со дистрибутерите, ланците на маркети, но исто така и со самите потрошувачи, се отвораат можности за нови договори и соработки за извоз.

Како дополнување на својот корпоративен имиџ и вредност, при секое учество на саем, се претставуваме на нов, иновативен и креативен начин. За таа цел создадовме и нов корпоративен штанд, кој беше промовиран на саемот Worldfood во Москва. На овој современ корпоративен штанд, беше презентиран целиот асортиман, а со помош на иновативниот дизајн и осветлување, на секој од експонатите им се даде посебен фокус на пакувањето, дизајнот и боите, како пропратен дел од целосниот квалитет на производите на Витаминка.

На Worldfood саемот нашата компанија се претставува по третпат, а како резултат на ова присуство веќе 5 години се одржува континуиран извоз во Република Русија.

„За нас, иако на овој саем излoжуваме по трет пат, можностите што ги отвора секој пат се се поголеми, затоа што како специјализирана манифестација секое издание носи нови посетителите. Таму беа присутни најголемите извозници на храна во Руската федерација и токму заради специфичната публика, саемот изобилуваше со низа трибини, промоции и презентации. Исто така, овој саем важи за најголема берза за храна во овој дел на светот. Предностите од присуството се протегаат од контакти и можни договори и партнерства, па се до стекнување нови знаење и запознавање со последните трендови во прехранбената и кондиторската индустрија", вели директорот на Продажниот сектор-Извоз, Љупчо Велески за нашето учество на саемот Worldfood.

Вториот саем каде Витаминка успешно ги претстави своите производи беше СИАЛ во Париз. Нашите производи со врвниот квалитет оставија впечаток и го трасираат патот за нови соработки и достигнувања.






„Повеќегодишното присуство на Меѓународниот саем СИАЛ во Париз дава резултати во континуитет. Сепак станува збор за најголемиот настан за храна. Секоја години бројот на изложувачи ја надминува бројката од 7000 од над стотина држави. Тука не само што има голем потенцијал, туку тој потенцијал го искористивме за почетни преговори за соработка со големи добавувачи. Во исто време, на овој начин ги следиме светските трендови во производство на храна и тука сме за размена на искуства, запознавање на нови пазари и нови начини на комуникација", вели Велески за искуството од Париз.




Што се однесува со саемот во Софија, е најголема саемска манифестација за прехранбена индустрија во Бугарија и истовремено е еден од најпрестижните настани во прехранбената индустрија во Југоисточна Европа па како таков нуди одлични можности за преставување, воспоставување контакти и отворање нови деловни можности. На овој настан има зголемено меѓународно присуство што овозможува создавање деловни релации, споделување искуство и позитивни бизнис практики, како и изнаоѓање на нови партнери и пазари. На саемот се организираат и дополнителни активности, групни форуми како и индивидуални состаноци и презентации.
Витаминка со своите производи е веќе присутна и позната на бугарскиот пазар, а Чоко Стоби флипс, Атлантис, Бонитас, Кукис, Деспина, Весели јајца, Фрути и други се веќе препознатливи брендови во оваа земја, докажани со својот квалитет.
Овие саеми привлекуваат огромен број посетители и изложувачи и нудат можност за соработки, напредок, промоција на производите, но и запознавање со глобалната конкуренција. Витаминка го задржува лидерството во регионот преку постојано учество на настани од ваков тип, каде се остварува директен контакт со потенцијални партнери кои го поддржуваат и придонесуваат за растот на нашата компанија.






# Економски факултет - носечки партнер во нов проект кој значи придобивки за сите

Со почетокот на 2018 година започна имплементацијата на проектот Алијанса на знаење во Еко-иновативно претприемништво за зголемување на конкурентноста на малите и средни претпријатија во рамките на ИПА, односно, Балкан – Мед програмата во кој еден од носечките партнери е Економскиот факултет – Прилеп. Во проектот се вклучени партнери од Грција, Кипар, Бугарија и Македонија.

На настанот кој беше организиран по повод отпочнување на проектот беше поканета и Витаминка која имаше два свои претставници, д-р. Душица Неделкоска Маркетинг и ПР Кординатор и д-р. Орде Ѓорѓиоски Директор на сектор Правни и општи работи. Целта на проектот е воспоставување на алијанса на знаење меѓу високообразовните институции и бизнисите заради промоција на еко-иновативно претприемништво на Балканот. Како една од водечките компании во земјата, нашата улога во синергија со академската јавност, може да биде клучна во постигнувањето на целите на проектот и оттаму и нашето учеството на настанот.

Проектот е со траење од две години и во тој временски период ќе бидат реализирани голем број активности од кои се очекуваат резултати во поглед на зголемување на свесноста за еко-иновативното претприемништво, еко-иновациите и практиките на одржливите економии, еко-иновативен претприемнички модел за учење и предавање, еко-иновативни претприемнички Лаборатории /Партнерства и уште многу други.

Целни групи на проектот, односно корисници на истиот се академскиот кадар, студентите, бизнис професионалци и актери на пазарот на работна сила.






## БРЕНДИРАНО ВОЗИЛО НА ВИТАМИНКА



## Најдобар работник на месецот

Работник на месец октомври

**Горан Трајкоски,**
Транспортен работник во Сектор за набавки и логистика.

# Наташа Стојковска дел од Бизнис клубот на Марили

Марили Бизнис клуб ја одржа третата официјална средба на која беа претставени новите членки на Клубот од топ 10-те најуспешни жени менаџери за 2017 кои беа прогласени на манифестацијата „Избор на најуспешни жени менаџери од Република Македонија" во март 2018 година.

Клубот е место каде што жените менаџери може да ги промовираат своите идеи и иновации, да добијат поддршка, маркетинг и промоција. Исто така, тоа е платформа каде може да се информираат како новините во својот бизнис полесно да ги претворат во практични искуства со помош на пристапните ИПА фондови и европските кредитни линии.

Во рамки на овој клуб се организираат и тематски работилници, за одредени проекти, а посебно место заземаат хуманитарните проекти посветени на здравјето на жените и за социјално ранливите категории на жени, како и за болните деца и децата без родителска грижа. Оваа година, во рамките со општествената одговорност беше претставена хуманитарната аукција на слики која беше дел од тематскиот ден „ДАМА-ДА-Здравјето и убавината во функција на современата жена" што се одржа на 31 март 2018 година. На аукцијата беа купени шест уметнички слики, пет од ЦСЛУ Прилеп и една, дело на Георгина Чакар, наша иселеничка во Австралија. Од продажбата на сликите беа собрани вкупно 3.150 евра, односно, 195.300 денари, а средствата беа наменети за ЈЗУ Здравствен дом – Прилеп.



Една од активностите на клубот ќе биде и вмрежување со останатите здруженија, организации и асоцијации на жени во бизнис сферата.

Пред присутните над 60 членки на Клубот предавање одржа амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, г-дин Милан Јазбец кој говореше на тема „Економијата и дипломатијата рака под рака".



# Лидер во земјата и лидер во регионот - Косовски компании стекнаа знаење и искуство од Витаминка

Тоа што сме најголемиот производител во прехранбената и кондиторската индустрија во земјава, со повеќе од 350 производи, над 700 вработени и со тенденција за секојдневно растење и проширување на пазарите, нè прави компанија репер според која треба да се раководат и другите компании. Така, нашата лидерска позиција излегува од рамките на државата и станавме компанија од која се учи и стекнува вредно искуство во регионот.
Во изминатиот период претставници на 17 косовски компании од прехранбената индустрија ја посетија Витаминка со цел стекнување вредни знаења и потврдени искуства за подобрување на растот на компаниите, како и за усовршување на деловните стратегии, перформансите и практиките.



При посетата во Витаминка, на гостите им беше овозможен пристап до производните линии, каде што се запознаа со производните практики, а во посебните сесии со менаџментот на компанијата им беа претставени предизвиците со кои се соочува компанијата, решенијата што ги имплементира и резултатите што ги има постигнато.
Посетата и реализираните разговори имаат за цел да им помогнат на косовските компании, да ја разберат својата ситуација, да го проценат пазарот и да одговорат соодветно на потребите на пазарот и на потрошувачите. Според гостите, изборот на компанијата чие работење беше претставено беше посебно добар и им овозможи сестрани знаења. Менаџирањето со просторот и со луѓето, дисциплината, хигиенските мерки и процесите со кои се запознаа, им дадоа вистински поттик за истражување на можностите и за унапредување на производните капацитети.
„Посетата ни даде можност да видиме од прва рака колку сериозно оваа компанија се занимава со работата, со секторската поделба и како го менаџираат просторот за секоја производна линија", истакна Бујар Истрефи, генерален менаџер на Мисини.
Преку запознавање на производителите од секторот од Косово со сопственото искуство, Витаминка поттикна позитивни промени во начинот на работење на компаниите учеснички и покажа висока свесност за општествена одговорност и поддршка на развојот на малите компании во регионот.

## Емилија Консулоска, дипломиран инженер по биологија

# Прв, основен и најголем приоритет на мојата работа е зачувување на квалитетот и стандардот на нашите производи

Како дипломиран инженер по биологија на Природно – математичкиот факултет во Скопје, уште додека бев студент сонував за работа во компанија како Витаминка. Со толкав број на производи, со големо портфолио и со потврдена лидерска позиција на пазарот пред се со квалитетот на производите.
Во Витаминка работам вкупно 12 години и сите исполнети со постојано учење, напорна, посветена и пожртвувана работа со цел да се следат нагорните текови по кои се движи и самата компанија но и пазарот.
Пред дванаесет години, кога првпат дојдов тука и во текот на следните седум години бев на позицијата шеф на Микробиолошка Лабораторија, позиција и работа којашто ми даде непроценлива основа и поткрепа на моето факултетско образование. Потоа мојот професионален пат во Витаминка за следните 5 години продолжи како шеф на Лабораторијата на погоните во фабрика 2.
Работата во Лабораторијата во фабрика 2 е збир од работните обврски од трите лаборатории кои во Витаминка функционираат поединечно, хемиска лабораторија, лабораторија на спакуван производ и Микробиолошка лабораторија.
Суштинското за работата во Лабораторијата е тоа дека во нашата лабораторија се врши прием на суровина и амбалажа кои се испитуваат според интерни правилници и спецификации, се врши следење и испитување на квалитетот на полупроизводите на линиите на Р.Е. Кекси, Корнфлекси и Флипс. Исто така, се врши контрола и на спакуваниот производ зависно од типот на пакувањето, а и Контрола на товарите за големиот број извози во различни држави и континенти. Соодветно на природата на нашата работа, високите стандарди на кои сме обврзани, но најмногу од се чувствителноста односно деликатноста на материјалите, производите што ги процесира, хигиената е високо на приоритетната листа на обврски, на лабораторијата но и на сите елементи, апарати и придружни простории.
Сепак, во исполнувањето на секојдневните обврски, станува збор за различни видови работни обврски кои понекогаш мора да се извршуваат паралелно за да се постигне се што е потребно, а тоа е доста напорно. Но, со добра организација на работата и навремено извршување на работните задачи се успева квалитетно и прецизно да се извршат сите работните обврски.
За работата во контролната лабораторија примарно и најважно е зачувувањето на стандардниот квалитетот на многубројните и различни производи за што е најважно навремено и брзо реагирање, знаење, стручност и соработка со производството. Исто така мора постојано да се следат новите прописи и стандарди на европско и светско ниво.




CORN FLAKES
SLOŽI GO
MILKOS


AJVAR


SAFARI


vitaminka
Vardarska
Supa so testenini i meso
Soup with Noodles and Meat
Suppe mit Nudeln und Fleisch
4


ATLANTIS
ATLANTIS




витаминка
чај од
НАНЕ
Menthae piperitae folium
20 ФИЛТЕР-КЕСИЧКИ
по 1,5 g


МИЛКО ЕКСПРЕС
МИЛКО ЕКСПРЕС
МИЛКО ЕКСПРЕС

витаминка

# КОГА МИСЛАМ НА ВИТАМИНКА, МИСЛАМ НА ...

*Овој пат најискрените мисли, асоцијации и емоции поврзани со Витаминка и нејзините производи ги побаравме од Игор Иџе Стефановски, нашиот единствен и неприкосновен шампион на ридско планинските патишта. Витаминка е еден од неговите спонзори и тоа е соработка што освоила многу врвови и пропатувала насекаде низ Европа.*

По многу извозени патишта, угорнини и удолници, сосема случајно ни се вкрстија патиштата односно мојот пат ме однесе до Витаминка. И точно така, по малку случајно, по малку потпомогнато од моите желби и детски спомени, започна нашата приказна.




Следеше средба со менаџментот на Витаминка и требаше, заедно со мојот тим да отидеме таму. Помислата дека ќе одам во Витаминка, фабриката каде се прават Стоби флипс, Цевитана, Синтагма, ја разбуди мојата детска возбуда и фантазија. Сепак, ми претстоеше една поинаква посета на којашто требаше да ги убедам менаџерите на компанијата дека сосема природно е на моите возења да ме придружуваат производите на Витаминка и дека тие можат да ми бидат мојот верен сопатник. Никогаш нема да заборавам кога првпат го запознав и мојот прв состанок со господинот Сашо Наумоски. Веднаш ја препозна мојата истрајност и детерминираност за постигнување на целта, но исто така и возбудата од возењето по екстремни патеки.

Иако, мојот индивидуален стремеж, како поединечен спорт и мојата преокупацијата со возењето по предизвикувачки патеки побуди интерес и искрени симпатии кај менаџментот на компанијата, сепак не беше лесно да ги увериме дека Витаминка треба да поддржи и еден ваков вид поединечен спорт како што е автомобилизмот. Разговаравме за сите патишта што сум ги прошол, сакаа да знаат за сите згоди и незгоди низ кои сум поминал и какво било чувството кога сум победувал. Додека зборувавме масата што беше преполна со сите видови солени и слатки Стоби флипс, Цевитана, Атлантис, се испразни. Раскажувавме и уживавме во сите вкусови и крајот на средбата го крунисавме со договорот дека Витаминка и нејзините производи ќе бидат мој сопатник и партнер во моите натпреварувања.

Денес со задоволство може да кажеме дека имаме повеќегодишна плодна соработка која нè одведе на врвот на Европа и продолжува во нашите нови авантури на познатите тркачки патеки. Верувам дека ја оправдуваме довербата и би сакал со мојот сопатник да извозам уште многу патеки.

А кога велам сопатник, не мислам само на логоата поставени на автомобилот со кој се натпреварувам, туку и на тоа дека производите на Витаминка буквално патуваат заедно со мене каде и да одам. Со оглед на фактот дека во текот на сезоната јас и мојот тим најголем дел од времето го поминуваме по патишта надвор од Македонија, заедно уживаме во Цевитана и Стоби флипс и тие се мојот вистински сопатник.

И навистина е големо задоволство да се патува со такво друштво.

# ВИТАМИНКА ГО ДОНИРА ВИШОКОТ ХРАНА

Преку поддршка на проектот „Македонија без отпад - Мрежа за редистрибуција на вишок храна“ (Macedonia without Waste - Food Surplus Redistribution Network), Витаминка ќе го донира вишокот храна што не била вклучена во производниот процес.

Со меморандумот за соработка потпишан меѓу Витаминка и носителот на проектот, Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија“, целата храна што е безбедна за консумирање а е вишок од производството на компанијата, ќе биде дистрибуирана до здруженија и асоцијации кои понатаму ќе ја доставуваат храната до корисниците односно оние на кои им е потребна помош. Донираната храна е квалитетна со задржани нутритивни карактеристики и пред се безбедна за консумирање според постоечката регулатива за безбедност на храна на Република Македонија.

Целта на овој чекор и потпишаниот Меморандум е преку взаемна соработка, разбирање и помош, да се овозможи успешна имплементација на систем за донирање на вишокот храна. Витаминка ќе ја доставува храната соодветно стандардите и правилата за транспорт, а за што подобро и поефективно спроведување на планираните активности, Ајде Македонија има создадено и одржува веб - платформа која е наменета за поврзување на компанијата Витаминка со Граѓански организации кои понатаму ќе ја дистрибуираат храната до нивните корисници на помош.

Проектот воведува систем на современа и ефикасна постапка за поврзување на донаторите на вишок храна, компании и производители и граѓанските организации кои обезбедуваат храна на своите корисници на услуги. Создадениот синџир на соработка, обврски и комуникација ќе доведе до намалување на состојбата со недоволната исхранетост во државата, намалување на недостатокот од храна и рационална редистрибуција на храната. Ваквиот систем се покажа со позитивни резултати насекаде во светот каде што се користи и инспирира што повеќе компании да се вклучат во иницијативата.

# ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД ВИТАМИНКА ЗА 12 ГОДИШНИОТ МАРКО ПЕЈЧИНОВСКИ

Секој успех, без разлика дали е поединечен, односно индивидуален или екипен, дали е компаниски, спортски, научен или од која било природа, треба да се цени и да се награди. Но, ако нешто може да се издвои како достигнување посебно вредно и заслужно за награда, тоа е успехот на младото момче Марко.

Младиот Марко, со огромно срце и уште поголема волја за успех, на свои само 12 години го преплива Охридско Езеро и покрај преживеаниот инфаркт на долните екстремитети. Затоа како компанија издвоивме финансиска помош со која ќе го наградиме Марко за успехот во неговиот подвиг и уште ќе го поттикнеме за поголеми успеси и подобри резултати.

Како компанија, секогаш се обидуваме да помогнеме онаму каде е потребна помош. Во овој случај потребна беше финансиска помош за Марко, со цел да има голема иднина пред себе. Веруваме дека оваа наша донација ќе биде само капка во она што Марко ќе го добие како помош и како награда и се надеваме дека што повеќе компании се приклучија на оваа иницијатива за да има поголем ефект и да се креира вистинска поддршка за младиот пливач.

Марко ние веруваме во тебе и ти посакуваме уште многу успеси.



# БРИЛИЈАНТ ЕДЕН ОД „АКТЕРИТЕ” ВО СЕРИЈАТА ПРЕСПАВ

Маслото Брилијант ќе ги подмачка шегите во хумористичната серија Преспав и ќе биде често присутен во многу сцени и дел од многу шеги во првиот македонски ситком. Со ова, поддршката од Витаминка за серијата продолжува и во третата сезона со вклучување на маслото за јадење Брилијант како еден од реквизитите во ситком-от. Брилијант како и другите производи од Светот на вкусовите на Витаминка стана дел од оваа хумористична екранизација на македонскиот живот и ќе се испреплети со приказната, ситуациите и животите на јунаците од серијата.
За истата цел, компанијата сними и рекламно видео кое е дел од новата кампања на Брилијант и каде се вклучени дел од актерската екипа на серијата, Ула (Тијана Дапчевиќ), Марио (Васил Зафирчев), Талат (Дритон Вејсели) и Коста (Игор Ангелов).
Рекламата се снимаше во студио на МТВ, каде се снима и новата сезона на Преспав. Креативниот и тимот кој беше задолжен за реализацијата е составен од Вардан Тозија како режисер, Дејан Димески како директор на фотографија, а е во продукција на Идеа Плус.
Витаминка го поддржува снимањето на серијата Преспав уште од самиот почеток и на тој начин го помага развојот на современата македонска ТВ продукција.



# КАЛИОПИ БУКЛЕ СО НОВА ПЕСНА И ВИДЕО ЗАПИС, ПОТПОМОГНАТО ОД ВИТАМИНКА



Македонската естрадна ѕвезда Калиопи Букле го претстави на јавноста видео записот за својата нова песна наречена „Пресуда“. Во реализацијата на овој проект беше вклучена и Витаминка, како редовен поддржувач на музичката продукција. Целта на поддршката од Витаминка е заедничка успешна промоција на Витаминка и нејзините брендови, во Македонија и регионот.
„Пресуда“ е моќна балада полна со емоции, испеана на српско-хрватски јазик. Во видео записот, покрај македонската дива, се појавува и брендот Атлантис на ненападен и елегантен начин, како дел од сценографијата. Со оглед на фактот дека песната е наменета за повеќе пазари, со позиционираноста на брендовите Витаминка и Атлантис, дополнително ќе се промовираат производите на сите околни пазари.
Првичните реакции на песната од тимот што беше инволвиран во создавањето се навистина одлични и интензивни. Исто така позитивни реакции за соработката и производот што произлезе од истата доаѓаат и од медиумите и новинарите. Зад музиката, текстот и аранжманот стои потписот на текстописецот Ромео Грил, а видео записот е снимен во најголем дел во Градски парк во Скопје. Песната е снимена во ГМП студио во Базел, Швајцарија и Морис студио во Загреб, Хрватска, а песната ја снимале Дон Карло Џовани (Базел) и Филип Видовиќ (Загреб), кој стои и зад миксот и мастерингот.

# ДЕНОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ ОДБЕЛЕЖАН СО АВТО ТРКА И СО ПОДДРШКА ОД ВИТАМИНКА

Како што секој град треба да има што повеќе спортски и културни активности, така секој град треба да има компанија како Витаминка којашто ќе помогне да се организираат овие активности и ќе го поддржи одбележувањето на историските настани.
Денот на народното востание во Прилеп беше одбележан со организирање на авто слалом трка „Прилеп – 11 Октомври". Дел од овој настан беше и Витаминка со своите брендови, пред се како поддржувач на спортски рекреативни активности, но исто така и како компанија која ја негува градската традиција и ја почитува градската историја и придонесот во националната историја.
Воедно, после неколкугодишна стагнација одржувањето на авто слалом трката беше и втората трка од Државниот шампионат на Македонија во оваа категорија, а најдобрите учесници на ова државното првенство се бодираат за шампионатот во 2018 година.
На трката учествуваа 27 натпреварувачи од повеќе градови од нашата држава и возеа по патеката долга 1.200 метра. Учесниците се натпреваруваа во 5 класи, возила до 1.600 ццм, возила над 1.600 ццм, спортски возила до 1.600 ццм, спортски возила над 1.600 ццм и возила со турбо.
Натпреварот беше во организација на Авто картинг клубот „Скопје" и се организираше по пауза од седум години. Значењето на настанот и на сите кои го поддржаа е големо затоа што помогнаа за градот да го врати спортскиот дух на автомобилизмот во Македонија како и во развојот на овој спорт.






# ВИТАМИНКА ГО РАЗДВИЖУВА СПОРТСКИОТ ДУХ ВО ПРИЛЕП

Спортот игра клучна улога во секое општество, а нашата компанија постојано презема конкретни иницијативи за да го раздвижи спортскиот дух во градот. Здружението Женски ракометен клуб Деспина Прилеп, формирано во 2017 година е составено од две екипи и тоа кадетска и сениорска. Нашата компанија, како основач на здружението се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот во своите лиги (кадетска и сениорска).

Клубот со двете екипи има 35 играчи кои активно тренираат секој ден од понеделник до петок во училишната сала на СОУ Ристе Ристески Ричко од Прилеп и таму ги играат и натпреварите кои најчесто се одржуваат во сабота и недела. Секоја екипа си има свој тренер и помошник тренер кои активно работат со ракометарките како и доктор кој се грижи за нивното здравје и е постојано присутен на тренинзи и натпревари.

Со завршувањето на првата полусезона, кадетската екипа се пласираше на првото место во втората група од кадетската лига, додека сениорите во моментов се на шесто место од 10 екипи.

Поттикнувањето на спортските активности и поддршката на вакви иницијативи се важни за нас, како компанија која вложува во сите видови спорт, екипен, индивидуален, екстремни или традиционални. Така ја поддржавме и Регатата Шибеник како и екстремниот велосипедизам, Cevitana Downhill.

# ПРИЗНАНИЕ ЗА НАУМОСКИ НА КОНГРЕСОТ НА СПОРТСКИТЕ НОВИНАРИ

Во Охрид се одржуваше Самит на спортските новинари во Југоисточна Европа во организација на Спортските новинари од Македонија и Македонскиот олимписки комитет. На конгресот учествуваа околу 150 спортски новинари од 17 земји и поводот беше искористен да се изгради пријателство и да се отвори дебата за нови перспективи во спортот. На манифестацијата под мотото Со љубов за Македонија на Генералниот извршен директор, Сашо Наумоски му беше доделено Златното спортско перо за неговата долгогодишна поддршка на развојот на спортот не само во Прилеп туку и Македонија. Спортските новинари на доделувањето истакнаа дека Сашо Наумоски и целиот колектив на Витаминка, несебично го вградиле својот труд и знаење во развојот на спортот. „Златното спортско перо што му се доделува на Наумоски е пример за другите бизнисмени да вложуваат во развојот на спортот, бидејќи тоа е најевтината инвестиција и размислување за иднината на младата генерација, но и иднината на Македонија", беше потенцирано.



Спортските новинари посебно внимание посветуваат на луѓето кои го помагаат развојот на спортот и притоа им оддаваат посебно признание за се она што го прават од голема љубов за развојот и афирмација на спортот.

# МАЛА ПОСЕТА, ГОЛЕМА РАДОСТ







Најголемата детска радост е кога ќе се најдат во светот на возрасните и окружување кое не е дел од нивното вообичаено секојдневие. Но уште поголема детска радост е кога во токму таквото окружување ќе се сретнат со своите омилени грицки, слатки и солени, омилените чоколада и што уште не. Токму така, овој пат големото домаќинско задоволство да ги примиме ни го овозможија учениците од прилепското Основно училиште Кире Гавлоски Јане.

Покрај тоа што уживавме во нивната посета, уште и ги прошетавме нив фабриката, ги запознавме со нашата „магија" односно како ги правиме највкусните производи, ги едуциравме за вредностите на македонските производи, за квалитетот којшто треба да го негуваме и на крајот ги испративме со Витаминка пакетче, исполнето со многу задоволства и детска радост.

# ОД ВРЕДНИТЕ РАЧИЊА НА ДЕЦАТА ОД ГРАДИНКАТА МИРЧЕ АЦЕВ





Витаминка со уште една успешна приказна за најмладите. Изминатиот месец, на наше големо задоволство, бевме посетени од група деца од градинката Мирче Ацев од Прилеп. Целта на оваа посета беше да се оствари заедничка соработка со градинката, преку вредните рачиња на најмладите.

Дечињата имаа задача да донесат зимница, која беше со рачно украсена амбалажа. Прекрасните амбалажи, кои беа со личен печат од секое дете, беа изработени на работилницата каде имале помош од своите родители. При оваа посета беше организирана продажба на зимницата во просториите на Витаминка. Секоја тегла чинеше симболични 100 денари, но одѕивот и солидарноста на нашите колеги, беа незаменливи.

Средствата собрани од овој настан ќе бидат искористени за подобрување на условите во објектот на градинката. Образованието е едно од клучните нешта за развој на личноста и е од исклучителна важност уште од најрана возраст да им се пружат што е можно подобри услови на сите деца.

Но повеќе од сé, ваквата иницијатива е за поздрав затоа што децата ги учи на тоа дека можат многу да направат кога ќе покажат иницијатива и уште дека вредноста е бескрајна на она што ќе го стекнеш самиот.

# СЕКОГАШ ВЕРЕН ПАРТНЕР НА ДОБРАТА МУЗИКА

Како и досега, Витаминка ги поддржува културните случувања во нашата земја. Периодов Витаминка беше спонзор на концерти кои се одржаа во главниот град, кои вклучуваа звучни имиња од светската музичка сцена. Македонската публика имаше можност одблизу да се запознае со вечниот романтичар Bryan Ferry, емотивните Texas, единствените Jethro Tull, енергичните 2 Cellos како и концертите на Здравко Чолиќ.

Поп легендата и човекот кој важи за еден од највлијателните и најиновативните артисти на сите времиња, Bryan Ferry, на 9ти септември одржа спектакуларен концерт во Македонската Филхармонија. Незаборавна вечер со шармантен настап, на кој беше придружуван од 12 музичари, Ferry ги изведе неговите најголеми хитови, како и песните од неговиот најнов албум.




Шкотските музичари Texas, во СРЦ Кале, на 28ми септември ја размрдаа публиката со одлична музика и атмосфера. Предгрупа на концертот беше македонскиот бенд Ареа. Ова беше прв настап на Texas на Балканот, кој се одржа токму кај нас. Вокалистката Шарлин Спитери истакна дека е воодушевена од македонската публика и македонската кујна и дефинитивно би сакала повторно да дојде во Македонија. „50 years of Jethro Tull" турнејата на култниот британски рок бенд Jethro Tull, кој има снимено 30 албуми досега, а ги има продадено во над 50 милиони примероци гостуваше во СРЦ Кале на 16ти октомври.

Живата легенда на светскиот рок ен рол, вокалистот и флејтист Јан Андарсон приреди вистинско уживање за љубителите на овој жанр на музика.

Лука Шулиќ и Стјепан Хаусер или попознати како 2 Cellos, светската кросовер музичка атракција на 19ти октомври приредија вистински спектакл во ВИП Арената Борис Трајковски со големо продукциско арена шоу како во најголемите арени низ светот. Настапот на двајцата одлични музичари беше проследен со гласно пеење од публиката, но и одлични сценски и светлосни ефекти кои уште повеќе ја збогатија атмосферата.

Секој од овие настапи беше проследен со нашето присуство таму. Брендот Витаминка покрај што го потпомогна организирањето и реализирањето на овие големи музички случувања, уште и го украсуваше секој простор каде се организираа концертите. И затоа ќе продолжиме и понатаму со истата практика и истата енергија за добра музика.

Во ноември пеевме со една од најголемите Балкански музички ѕвезди Здравко Чолиќ. Миленикот на дамите, својот концерт го закажа за 10ти ноември во ВИП Арена Борис Трајковски, но поради огромниот интерес одржа и втор концерт на 17ти, истиот месец.



Нашата компанија постојано се вклучува во проекти од ваков вид и нуди поддршка за нивно успешно организирање и одржување. Витаминка е горда на својот удел во овие настани и во иднина ќе продолжиме да учествуваме во културните збиднувања во нашата земја.

Следат уште многу концерти, а ние ќе бидеме таму и ќе помогнеме што повеќе љубители да уживаат во добрата музика.


СТОБИ ФЛИПС 40

# ВИТАМИНКА КЕЧАП СОЗДАДЕН ОД НАЈВКУСНИОТ ДОМАТ

Азбучникот го продолжуваме со нашиот омилен и единствен кечап, вкус кој го дополнува секој друг, додаток што го прави уште посовршено секое јадење. Витаминка започнува со производство на кечапот во 1990 година и во текот на овие, скоро три децении, во континуитет кечапот го произведува во истиот стандардизиран вкус и состав.

И токму заради тој единствен а препознатлив вкус, само еден може да биде Витаминка кечап, затоа што само кечапот од Витаминка може да биде со толку богат, исполнителен и уникатен вкус. Сочен, интензивен но не предоминантен и одмерено зачинет е она што го прави нашиот кечап да биде задолжителен додаток на секое јадење. Тој е вкусен, незаменлив прилог кон сите пици, сендвичи, домашни печива, тестенини и останати специјалитети.

А зошто Витаминка кечапот е омилен и единствен избор на потрошувачите? Затоа што Витаминка кечапот е направен со целосна посветеност и грижа. Затоа што за неговата подготовка се користат само најдобрите домати што на овој производ му дава особен белег на изворност. И затоа што овој кечап се одликува со автентичен и уникатен вкус.

Витаминка за својот кечап избира само патлиџани одгледани по традиционални методи. Високиот квалитет е поттикнат од основната состојка, доматот кој е изникнат од еколошки чиста почва и созреан на сонце, а е постигнат со примена на технолошки процес што соодветствува на стандардите за безбедна и здрава храна. Тоа што за потеклото на основната суровина се води детална грижа е гаранција дека за неговото производство не се користат генетски модифицирани домати.

Додека препознатливиот вкус и понатаму е присутен на секоја трпеза, Витаминка направи подобрување на амбалажата како резултат на посветеноста на компанијата кон постојано унапредување на квалитетот на своите производи. Во новата амбалажа е применета современа технологија со којашто се спречува истекување на капките при користење и уште поважно, со модернизација на истата се гарантира подолго задржување на свежината на вкусот.

Веќе долги години, Витаминка е еден од најголемите производители на прехранбени производи во регионот. Затоа, посебно место во портфолиото на компаниите зазема токму кечапот и тоа со неколку вкуса. Сите достапни вкуса се со деликатно изнијансиран вкус и примена, но и безглутенски состав. Благиот томато кечап кој е универзален производ и го има во различни амбалажи, пикантно лутиот томато кечап за луѓе со префинет вкус. Лутата варијанта се комбинира скоро со секое јадење, а храната добива специфичен, луткав вкус и ја прави неодоливо вкусна. Пица кечапот е совршен додаток на многу специјалитети и се користи да се долови вкусот на пицата во другите јадења и на крај Помфрито благиот кечап кој никого не остава рамнодушен.



# ВИТАМИНКА ЛЕТНО ТАКСИ СО УСПЕШНО ЗАВРШЕНА МИСИЈА

Во текот на месеците јули и август во главниот туристички град во Македонија, Охрид, Тамаро маркетите, Супер радио и Витаминка оствариja соработка на заеднички проект. Станува збор за Витаминка летно такси, Рено 4 такси возило, брендирано со боите на Витаминка кое ги привлекуваше погледите на туристите каде и да се појавеше.

Активностите вклучуваа посета на популарните охридски плажи, каде познатиот водител Жанко З'ш Голабоски ги делеше добропознатите Витаминка производи Стоби Флипс, Чоко стоби флипс, Магнус, Цевитана и слично. Летното Витаминка такси беше вистинска атракција и привлече големо внимание. Исто така, такси возилото еднаш неделно, во вечерните часови, на своите патници им нудеше бесплатен превоз и подарок изненадување во производи од Витаминка.
По завршената летна мисија, Витаминка летното такси пристигна во кругот на нашата фабрика, каде ќе биде дел од екстериерот како атракција и потсетник за постигнатиот успех. Летната авантура на Витаминка летното такси и Тамаро маркети, уште повеќе ги доближија нашите производи до потрошувачите и направија деновите поминати на плажа да бидат поинтересни и секако вкусни.




# ПРОМОЦИИ НА ВИТАМИНКА КЕЧАПОТ, И ОНИЕ ШТО НЕ ЗНАЕЈА СЕ УВЕРИЈА ЗОШТО Е НАЈДОБАР

Како што доликува на секој лидер на пазарот, Витаминка брзо ги имплементира највисоките технички достигнувања во индустријата. За таа цел и за непосредно запознавање со новото корисничко искуство, компанијата организираше промоции низ поголемите маркети каде што потрошувачите може да се уверат во постојаноста на квалитетот и на вкусот, како и во погодноста на користењето на новата, модерна и практична амбалажа.
Промоциите се одвиваа за време на викендите во одредени маркети во регионот на Скопје, каде сите посетители имаа прекрасна можност на лице место да се уверат со придобивките на новата амбалажа и во квалитетот на Витаминка кечапот. Воедно, во знак на внимание добиваа и соодветни изненадувања од Светот на Вкусовите, како награда во комбинација на Бонитас тортиља и Магнус екстра лут.
Покрај позитивните коментари за квалитетот и вкусот, позитивни реакции имаше и во однос на новото пакување.



# БРЗА ТОРТА СО ФРУТИ КЕКСИ ОД ПРАСКА

Уживаме и тоа како во светот на вкусовите!
Си направивме многу симпатична торта и ја комбиниравме со горко црно кафе. Неизбежно беше да се фотографира и да се пренесе вкусното задоволство, па ве покануваме да ја пробате и вие во вашите домови. Инспирацијата ја најдовме во новите Фрути кекси од праска и приготвивме фантастично добра, вкусна и брза торта! Овој десерт може да го направи секој, а нема да ви одземе ни еден час.
Да ви ја опишеме малку. Мека е, сочна и идеална за секоја пригода. За родендени, куќни слави, дружење со пријателите или едноставно, за засладување со семејството! Веруваме дека поголемиот дел од состојките ги имате во кујната и без проблем можете да се одлучите да го испробате и овој рецепт.
Во продолжение, детално ја објаснуваме постапката чекор по чекор, како и состојките кои ги користевме, па не постои можност за грешка при подготовката.
Еве што ви е потребно.

***Состојки:***

6 јајца
8 лажици шеќер
1 ќесичка ванилин шеќер од Витаминка
1 чаша брашно
1 ќесичка прашок за пециво од Витаминка
2 лажици какао од Витаминка

***За фил:***

2 ќесички шлаг крем од ванила од Витаминка
300 мл ладно млеко
200 грама Луна млечен крем
125 грама Фрути кекси од праска

***За декорација:***

100 грама Синтагма какао крем за торти (чоколадо за готвење)
1 лажица Брилијант масло
1 лажичка сол
¼ литар млеко
1 лажица путер.

***Подготовка:***

- Во сад за матење ставате ги јајцата, шеќерот и ванилиниот шеќер. Изматете ги со миксер за време од 5-7 минути, додека шеќерот се растопи и се добие густа смеса.
- Во друг сад измешајте ги брашното, прашокот за пециво и какаото од Витаминка. Со помош на сито или поголема кујнска цедилка, просејте ја смесата од брашното во садот со матените јајца. Оваа постапка е важна за да се добие пандишпан без грутчиња од какао или брашно. Смесата измешајте ја со лажица.
- Во правоаголна тава (бр. 40) или во две кружни тави (бр. 24 – 26) ставете хартија за печење. Во тавата ставете ја смесата за пандишпанот. Израмнете ја со лажица и ставете ја тавата во загреана рерна на 200 степени.
  Пандишпанот печете го за време од 7-10 минути. Извадете го пандишпанот и проверете со чепкалка дали е добро испечен.
- Печениот пандишпан оставете го да се излади, а потоа превртете го од тавата. Отстранете ја хартијата за печење и исечете два кружни дела (доколку користевте една поголема правоаголна тава за печење).
- Во сад за матење ставете ги шлаг кремот од ванила и ладното млеко. Изматете ги со миксер за време од 3 до 5 минути. Потоа, кремот поделете го на два еднакви дела. Во едниот дел додајте 200 грама Луна млечен крем и продолжете со матењето околу една минута, додека филот се соедини. Другиот дел оставете го за филување на тортата од горната страна и странично.
- Фрути кекситe исечете ги на половина или четвртинки.
- Во чинија за торта ставете го едниот пандишпан. Врз пандишпанот нанесете половина од филот со Луна крем.
  Наредете ги сечените Фрути од праска, а потоа ставете го преостанатиот фил со Луна крем. Ставете го и вториот пандишпан. На крај, тортата премачкајте ја со шлаг кремот од ванила.
- Тортата ставете ја во фрижидер за време од 2 до 3 часа.
- Чоколадото и маслото ставете ги во сад и растопете ги на ниска температура. Со растопеното чоколадо полејте ја торта. Декорацијата завршете ја со шлаг крем и сечкани Фрути. Уживајте во светот на вкусовите со Витаминка!




## НОВИ ПРОИЗВОДИ



| ЕНИГМАТИКА | ШАХ | МЕРКА ЗА ПОВРШИНА | ЕНИГМАТИКА | ЕНИГМАТИКА | АНГЛИСКИ ФУДБАЛЕР, ТЕРИ | ЕНИГМАТИКА | ПРОДАВАЧ (РАЗГ.) | ЕНИГМАТИКА | ШВЕДСКА | ВИЕТНАМСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА | РЕКА ВО МАКЕДОНИЈА ШТО ИЗВИРА ВО ВРУТОК | МАРКА ЈАПОНСКИ АПАРАТИ | ЗНАК ЗА ЛАНТАН | ГЕРМАНСКА ДРЖАВНИЧКА | АНТИКВАРНИЦА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ШАРЛ АЗНАВУР | | | ВРШИТЕЛКИ НА АСИМИЛАЦИЈА | ЗНАК ЗА КАЛИУМ / ВИД ОВОШЈЕ (МН.) | | ЗНАК ЗА БОР / ЛИЧЕН ДНЕВНИК | | ХОЛИВУДСКИ АКТЕР ТЕЛИ / НАШ ЕКС АКТЕР | | | | | | | |
| МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ / ПРЕПОРОД | | | | | | | | | ИМОТ БЕЗ СОПСТВЕНИК / ДАРКО ТАСЕВ | | | | | | |
| АВТОЗНАК ЗА ОХАЈО | | ГЕРМАНСКИ ФУДБАЛЕР / РОБЕРТ ОСИЕН | | | | | | | | | | | ГОРАН АЛАЧКИ / ТОКМУ (РАЗГ.) | | |
| ПОЗНАТО МАСЛО ЗА ЈАДЕЊЕ | | | | | | | | | | ГЕРМАНСКИ СКИ СКОКАЧ, ТОМА / ГРАДИТЕЛ | | | | | |
| ЦЕНА НАЗНАЧЕНА НА СТОКА | | | | | | | | | ЗНАК ЗА НАТРИУМ / "БОКСЕРСКИ КЛУБ" | | | АМЕРИКАН. БОКСЕР, МОХАМЕД / ПОТРЕБА ОД ЈАДЕЊЕ | | | |
| КИСЛОРОД | | ШВЕДСКА ГЛУМИЦА (КАЗАБЛАНКА) | | | | | | | | | | | | | |
| ЗНАК ЗА ВАНАДИУМ | | ХРВАТСКИ КОМПОЗИТОР, ВАТРОСЛАВ / ЖИВЕЦ | | | | | | | | | БУДИСТИЧКИ СВЕШТЕНИК / ПОГЛЕД (ГРЧ.) | | | | |
| НАША ПЕЈАЧКА, КОСТОВСКА | | | | ШАМПИОН, ПРВАК | ЗНАК ЗА УРАН | | ТЕМПЕРАТУРА / ЕДНАКВО | | ЛИБИСКИ ДРЖАВНИК, ЕЛГАДАФИ / НБА ТРЕНЕР, СТИВ | | | | | | |
| ГРЧКА БУКВА / НАУКА ЗА РАМНОТЕЖА НА ЦВРСТИТЕ ТЕЛА | | | | | СРЦЕВ МУСКУЛ / ТЕТОВСКО СЕЛО | | | | | | | | РИСТО НИЧЕВСКИ / ИЗВИК ВО КОРИДА | | |
| ИТАЛИЈАНСКИ ФУДБАЛЕР, ФАБИО | | | | | | ЗАСУШЕНА ОВЧА ПОТ / ДАВАЊЕ ЈАВЕН ПОВИК | | | | | | ЗАГРЕБСКА ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА / ОРНЕЛА МУТИ | | | |
| "ЕВРОПСКИ" | | | | ЖИТЕЛ НА ТАТАРИЈА / ПОДРАЧЈЕ, ОКРУГ | | | | | | ВИД ИНСЕКТ / ДУШЕВНА БОЛЕСТ | | | | | |
| ОБЕМ | | ШТАВЕНА КОЖА / БРОДСКО ЈАЖЕ | | | | | | | ХОЛИВУД. АКТЕРКА, АНДЕРСОН / САКАН ЧОВЕК | | | | | | |
| СОНУВАЊЕ | | | | | | | ВИД ИНСЕКТ / ЗНАК ЗА ИРИДИУМ | | | | | | | | |
| ТАЊА АНДРЕЕВА | | | ПЛАНИНСКИ ВРВ НА ДЕШАТ / ДОКТОРИ (ТУР.) | | | | | | | | | | | | |
| ДРВОРЕДИ | | | | | ДРЖАВА ВО ЕВРОПА / КИЛИМ (АРХ) | | | | | | | | | | |
| ВОЈНИЧКИ РАПОРТ | | | | | | | ФИЛМСКИ ГРАД ВО ФРАНЦИЈА / ВОСОЧНА КЛЕТКА | | | | | | | | |
| ГРАД ВО ЕТИОПИЈА | | | | СЕЛО ВО ОХРИДСКО / ЗНАК ЗА ПЛАТИНА | | | | | | | | | | | |
| ПОХОД, АКЦИЈА | | | | | | | | ИЛИЈА ЈОРГА / ИТАЛИЈА | | | | | | | |
| НАУКА ЗА СМЕТАЊЕТО И БРОЕВИТЕ | | | | | | | | | | | | | | | |




решение: ША, К, Б, САВАЛАС, РАМАДАН, ВАКАНТ, О, САМИ КЕДИРА, ГА, БРИЛИЈАНТ, ДИТЕР, НОМИНАЛА, НА, АЛИ, О, ИНГРИД БЕРГМАН, В, ЛИСИНСКИ, ЛАМА, АНА, У, Т, МОАМЕР, ЕТА, МИОКАРД, РН, ГРОСО, СЈЕРА, ОКИ, ЕВР, ТАТАР, МОЛЕЦ, О, КРУПОН, ПАМЕЛА, СПИЕЊЕ, ОСА, ТА, ВЕЛИВАР, АЛЕИ, ИРСКА, ТАКРИР, КАН, ИМИ, РАСИНО, КАМПАЊА, ИЈ, АРИТМЕТИКА.

vitaminka

# ATLANTIS

## *Chocolate sea shells*

